**Ѓорѓи Здравев**
**(Скопје, Република Македонија)**

# ТИПОЛОГИЗАЦИЈА И КЛАСИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ

*Абстракт:* Големата разновидност на македонските народни носии претставува особено сложен проблем за нивна типологизација и класификација. Сите тие покажуваат не само големи обласни туку и значителни пределски разлики. Наспроти тоа, како резултат на сложените културно-историски и етнички процеси во текот на низа векови, во нив се испреплетуваат многу заеднички елементи од општата балканска култура. Заедничко е што сите тие, или поголемиот дел од нив, имаат некои слични и исти облеки, но многу од нив се различни по кројот, колоритот и начинот на украсувањето.

*Клучни зборови:* народни носии, Македонија, типови, вариетети, поттипови

Едни носии се јавуваат прилично издиференцирани, други претставуваат нивни варијанти, а во трети се мешаат облеки и облековни елементи од две или повеќе носии; има и такви во кои преовладуваат облеки карактеристични за други немакедонски етнички групи и етноси, како во Македонија, така и надвор од неа.

Со издиференцирано локално обележје се издвојуваат најмногу носиите во изолираните и затворени селски средини, како и во оние со особено изразена етничка жилавост и групна свест. Меѓутоа, кај носиите во кои паралелно со локалните се испреплетуваат облековни делови од соседните и подалечните пределски целини и области, важен удел имаат некогашните миграции, отвореноста и комуникациските врски со определен предел или област, како и влијанието на културата, односно начинот на облекувањето на владејачкиот етнос. Сето тоа не ја исклучува важноста на определени издиференцирани селски и градски занаетчии, трговијата и сите сфери на влијанија кои имале свој удел во формирањето на физиономијата на дадена носија.

Врз основа на досегашните истражувања, направената анализа, споредбите на многубројните облековни делови и украси, како и нивната распространетост на територијата на Република Македонија, македонските народни носии можат да се поделат на два основни типа:

I. *Западномакедонски тип*
II. *Источномакедонски тип*

Оваа основна типологизација во голема мера се совпаѓа со направената поделба на Република Македонија на две етнографски области: *западна етнографска област и источна етнографска област.* Отстапување во овој поглед прават група носии од западномакедонскиот тип, кои, како што подолу ќе се види, ги третираме како *западномакедонски поттип* на носии.

Во рамките на двата основни типа, во понатамошната класификација, групите носии во етнографските целини ги сметаме како посебен *вариетет.* Со оглед на тоа што секој од овие вариетети има повеќе или помалку издиференцирани носии, секоја од нив ја третираме како *посебна* или *преодна варијанта.*

**Западномакедонски тип**

Кон овој тип припаѓа поголемиот дел од носиите на горновардарската, дебарско-мијачката и брсјачката етнографска целина. Нивни основни карактеристки се:

- горни бели клашнени облеки, ретко црни или црвени, во најголем број случаи украсени со црни, црвени, срмени и друг вид гајтански апликации; некои украсени со срмен вез, со апликации со чоја, со волнени рески и др.;
- бели платнени кошули (од лен, коноп, памук), од типот на *динарска кошула*, богато украсени (особено женските) со специфична полихромна везбена декорација во геометриски дух и со специфични везачки техники; некои се везени и со бел вез;
- машки појаси, ткаени еднобојно, со прави шарки или каро комбинации, сите на црвена, темноцрвена или морова основа;
- женски појаси: плетени во вид на гајтан; ткаени во вид на долги тесни појавчиња, со едноставни прави шарки или богато орнаментирани; други се поишироки; дел од нив се богато украсени со рески;
- скутини ( женски) во различни димензии: орнаментирани од наједноставни прави шарки до совршени орнаментални целини; голем дел од нив се богато украсени со рески;
- специфични женски покривала за на глава, со богата везбена декорација и долги рески: црвени, црни, бели;
- капи: бели валанки, плитки капи со рамно или заоблено дно, фесови и др.;
- богат и масивен женски накит и многу други специфични форми на украсување и китење.

Кај овој тип носии доминантен е постар вид облековни елементи во кои се испреплетени траги и влијанија на повеќе култури, како словенската, старобалканската, византиската и турско-ориенталната.

**Западномакедонски поттип**

Овој поттип го прават група носии во делови од горновардарската и мијачко-дебарската етнографска целина, и тоа, главно, женските носии во пределските целини: Горен Полог, Горна Река и Мавровско Поле. Основни карактеристики на овој поттип се:

- застапеноста на две скутини: *ой̄рег̄ач ӣреен и ой̄рег̄ач заен*; предната украсена со везени вегетациско-флорални мотиви, а задната - црна или бела, надиплена и покуса од првата;
- кошулата од *кенарлија* платно, по крој нешто поинаква од *динарскиоӣ ӣий* кошули; во однос на украсувањето прилично едноставна - без везбена орнаментална декорација;
- специфична облека *навирачка*, со богато везени *синџирлии ракаи*, со декорација единствена од ваков вид (Горен Полог);
- горните облеки од темноцрвена и бордо клашна или чоја (Горна Река и Мавровско Поле) или бела клашна (Горен Полог); со раскошна декорација од срмен терзиски вез; горни облеки кои по материјал и начин на украсување имаат изразно турско-ориентално обележје;
- специфичното обување на нозете со *калци*, *чулци и ӣозлуци*, кои заедно прават *едни ног̄и;*
- најбогат и масивен женски накит и др.

Овие носии со своите типски карактеристики покажуваат поврзување со носиите во соседните северни предели и области надвор од територијата на Република Македонија, со некои носии на Косово и во Северна Албанија. Застапеноста на две скутини, предна и задна, на извесен начин ги доведува во врска со носиите на Македонците-муслимани во Река и нивните иселеници во Бабуна, Велешко. Евидентното турско обележје кај некои облеки е секако од понове време, дојдено со посредство на печалбарите од Турција.

Од друга страна, изобилството на вегетациско-флоралните мотиви во декорацијата на одделни облековни делови (скутини, чорапи и др.), укажува на влијанието пренесено од печалбарите од Војводина и Романија.

ВАРИЕТЕТИ НА ЗАПАДНОМАКЕДОНСКИОТ ТИП

*Горновардарски вариетет*

| | Посебни варијанти | | Преодни варијанти | | Преодни кон: |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | Женска носија во Кумановско (Жеглигово, Средорек и западен дел на Славиште) | | Женска и машка носија во Скопска Блатија | а) | Каршијак, Овче Поле и др. |
| б) | Женска носија во Скопска Црна Гора | | Машка носија во Кумановско (Жеглигово, Средорек и западниот дел на Славиште) | б) | Источен дел на Славиште, Овче Поле, Скопска Блатија и др. |
| в) | Женска носија во Долен Полог | | Машка носија во Скопска Црна Гора | в) | Скопска Блатија и др. |
| г) | Женска носија во селата под Сува Гора | | Машка носија во Долен Полог | г) | Горен Полог и др. |
| д) | | | Машка носија во селата под Сува Гора | д) | Долен Полог, Горен Полог и др. |

СЕЛА ПОД СУВА ГОРА

*Дебарско-мијачки вариетет*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | Женска носија во Река - Мијаци | | Женска и машка носија во Голо Брдо и Дебарски Дримкол | а) | Дебарско Поле, Струшки Дримкол и др. |
| б) | Женска носија во Дебарско Поле | | Машка носија во Река - Мијаци | б) | Голо Брдо, Дебарско Поле |
| | | | Машка носија во Дебарско Поле | в) | Голо Брдо, Дебарски Дримкол и др. |

*Брсјачки вариетет*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | Женска носија во Струшки Дримкол и Струшко Поле | а) | Женска и машка носија во Охридско Поле | а) | Струшки дримкол, Малесија, Преспа |
| б) | Женска и машка носија во Преспа | б) | Женска и машка носија во Малесија | б) | Дебарско-мијачки вариетет, Струшки Дримкол и Струшко Поле |
| в) | Женска носија во Прилепско- | в) | Машка носија во Струшки Дримкол и | в) | Дебарско-мијачки вариетет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | битолско Поле | | Струшко Поле | | |
| г) | Женска носија во Мариово | г) | Женска и машка носија во Дебарца | г) | Дебарско-мијачки варието, Малесија, Дебарца, Железник |
| | | д) | Женска и машка носија во Дебарца | д) | Малесија, Кичевија, Железник |
| | | ѓ) | Женска и машка носија во Железник | ѓ) | Дебарца, Кичевија, Прилепско-битолско Поле |
| | | е) | Женска и машка носија во Горни битолски села | е) | Преспа, Леринско (Егејска Македонија) и др. |
| | | ж) | Машка носија во Прилепско-битолско Поле | ж) | Горни битолски села, Прилепско Поле и др. |

**Источномакедонски тип**

Во овој тип спаѓаат сите носии на средновардарската и шопско-македонската етнографска целина. Основните карактеристики се:

- горните облеки се со потемен колорит (од црн или во сура боја шајак); особено се карактеристични облеките од ригеста лита волнена ткаенина *алаца* и *антерија;* украсувањето е во поскромен обем, главно од волнени гајтански апликации (ретко срмени), индустриски траки, ширити, тантели и др.;
- долните бели платнени облеки (од коноп, лен, памук) најчесто се од платно ткаено со *кенери;* некои женски кошули, кроени рамно отстапуваат од *динарскиот тип* кошули; во нивниот начин на украсување преовладуваат повеќебројните тантели во турско-ориентален дух; некои се украсени и со везбена декорација; по карактер, колорит и везачките техники во голема мера отстапуваат од геометрискиот дух карактеристичен за везената декорација кај кошулите од западномакедонскиот тип;
- важна карактеристика во летниот период е покривањето на главата (кај мажите) со бела крпа бришалка; секојдневно, а особено во празничните пригоди е карактеристично носењето на крпи бришалки заденети за појасот;
- машките појаси се со нагласена широчина, ткаени на црвената основа, со прави или каро шарки, озгора препашани со кожен ремен; женските ги има во неколку вида, од кои најкарактеристичен е појасот од една дипла, двојно или тројно предиплен, украсен со прави непречени шарки;
- за повеќе машки носии е карактеристична скутината, ткаена со прави хоризонтални шарки, женските се поразновидни, но во поглед на орнаменталната декорација прилично поскромни од скутините од западномакедонскиот тип; некои скутини се истакнуваат со совршени каро решенија;
- чорапите се карактеризираат со типична орнаментална декорација - *колајлии чорапи;*
- во накитот и китењето преовладуваат монистрените украси.

Како и во претходниот, западномакедонскиот тип, и овде се испреплетуваат облековни елементи од старата балканска облековна култура, но во прв план избиваат, главно, оние од најново време - турско-ориенталните.

ВАРИЕТЕТИ НА ИСТОЧНОМАКЕДОНСКИОТ ТИП

*Средноварадарски варијетет*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | Женска и машка носија во Овче Поле | а) | Женска и машка носија во Азот и Бабуна (Велешко) | а) | Овче Поле, Скопска Блатија и др. |
| б) | Женска носија во Радовишко-струмичко Поле | б) | Женска и машка носија во Штипско | б) | Овче Поле |
| в) | Женска носија во Бојмија | в) | Женска и машка носија во Кочанско Поле | в) | Овче Поле |
| | | г) | Машка носија во Радовишко-струмичко Поле | г) | Штипско, Овче Поле |
| | | д) | Машка носија во Бојмија (Гевгелиско) | д) | Егејска Македонија, Радовишко-струмичко Поле |
| | | ѓ) | Женска и машка носија во селата околу Гевгелија | ѓ) | Северни велешки села, Тиквеш, Солунско |
| | | е) | Женска и машка носија во Тиквеш | е) | Гевгелиско |
| | | ж) | Северни велешки села | ж) | Гевгелиско, Тиквеш |

*Шопско-македонски варијетет*

| | Посебни варијанти | | Преодни варијанти | | Преодни кон: |
|---|---|---|---|---|---|
| а) | Женска носија во источниот дел на Славиште | а) | Женска и машка носија во Дурачка Река | а) | Овче Поле, села во Осоговијата, источен дел на Славиште |
| б) | Женска носија во Радовишки Шоплук | б) | Женска и машка носија во Кратовско | б) | Овче Поле, села во Осоговијата, западен на Славиште |
| | | в) | Женска и машка носија во Пијанец | в) | Малешево, источен дел на Славиште |
| | | г) | Женска и машка носија во Малешево | г) | Пијанец, Бугарија |
| | | д) | Машка носија во радовишки Шоплук | д) | Дурачка Река, села од Осоговијата |